Совет на Општина Делчево
Број 09-114/2
28.01.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 19 седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 28.01.2019 година (понеделник), во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, со почеток во 14:10 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Славица Димитрова
10. Сашко Јовановски
11. Дијана Јосифовски
12. Билјана Ѓеоргиевска
13. Кристи Стојковски
14. Катица Трајкова Тасева
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната 19.седница на Советот, го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 18 седница**

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2019 година;
   **Образлагач:**Драган Маневски-Претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2019 година.
2. Предлог-Програма за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година со Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година;
   **Образлагач:** Стојче Стојковски-Директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.
3. Предлог-Годишна програма за одбележување настани и културни манифестации за 2019 година;
4. Предлог-Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2019 година на Општина Делчево;
   **Образлагач**: По точките 3 и 4-Даниела Такева-Претседател на Комисијата за култура.
5. Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2019 година;
   **Образлагач:** Сузана Петровска-Општински координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево.

6. Предлог-Програма за решавање на Проблемот со кучињата скитници на подрачјето на општина Делчево за 2019-2020 година;
   **Образлагач:** Винко Ангеловски-Виш соработник за развој и управување со човечки ресурси.
7. Извештај за реализирани активности за 2018 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево со Заклучок за усвојување;
8. Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;
   **Образлагач:** По точките 7 и 8-Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.
9. Годишен Извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;
10. Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2019 година;
    **Образлагач:** По точките 9 и 10- Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура.
11. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година;
12. Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;
    **Образлагач**: По точките 11 и 12-Анка Христова-Раководител на Одделение за буџетска контрола.
13. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2019 година;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Цветанка Десподова;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Помошен објект зграда број 1 по барање на Цветанка Десподова;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Помошен објект зграда број 3 по барање на Цветанка Десподова;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа зграда број 1 по барање на Соња Захариевска;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа зграда број 1 по барање на Љупчо Миленковски;
19. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Војо Лесовски;
20. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Игорчо Илиев;
21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Благојчо Јанковски;
22. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа зграда број 1 по барање на Киро Стоименовски;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по

барање на Орце Веселиновски-зграда бр.1;

24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Орце Веселиновски-зграда бр.2;

    **Образлагач**: По точките 13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23 и 24- Горан Петровски-Советник за урбанизам.
25. Измена на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2019 година;

    **Образлагач**: Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево.
26. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година;
27. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево за 2019 година;
28. Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.

    **Образлагач: По точките 26,27 и 28-** Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште.
29. Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"- Делчево со Заклучок за усвојување;

    **Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „СВ.Климент Охридски„
30. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по Дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 19 седница.

На гласање беше ставен и Записникот од 18 седница на Советот на Општина Делчево.

Со 15 гласа „ЗА" истиот беше усвоен.

**Прва точка-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2019 година кој истакна дека секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево.Програмата ви е доставена со останатиот материјал и таа претставува рамка според која ќе се одвива работата на Советот во 2019 година. Но, во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа.Доколку имате било какви прашања или предлози, повелете, рече претседателот на Советот на Општина Делчево, Драган Маневски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2019 година.

**Втора точка-Предлог-Програма за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година со Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево кој рече дека за успешно извршување на својата дејност, а согласно Статутот, на предлог на директорот се која година се изготвува Програма за работа на ЈП која се усвојува од страна на Советот. При изготвувањето на оваа Програма е појдено од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати во

работењето врз база на целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите, максимално искористување на вработените и опремата, а во исто време намалување на трошоците. Посебен ангажман во 2019 година ќе се посвети на основите дејности на претпријатието со посебен акцент на дистрибуцијата на чиста вода за пиење. Во продолжение директорот истакна дека работата на ЈПКД „Брегалница“ е организирана во 4 сектори, а потоа подетално беше образложено кој сектор што работи, а беа презентирани и некои податоци важни за нивното работење. Процентот на наплата за 2018 година на услугите кај физичките лица е 85,4%, кај правните лица 85,3% и за Градскиот пазар 86,2%.

**Трета точка-Предлог-Годишна програма за одбележување настани и културни манифестации за 2019 година;**

Точката ја образложи Даниела Такева-претседател на Комисијата за култура која истакна дека оваа програма се донесува за првпат и истата се донесува со цел:

-Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од обласста на културата;

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални историски и културно-уметнички манифестации;

-Реализирање манифестации програми и проекти кои ѝ даваат посебно обележје на Општина Делчево;
-Создавање услови за гостување еминентни уметници од Република Македонија и
странство во Општина Делчево;
-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Делчево;
-Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации организации и
фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.
-Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од обласста на културата;

Програмата ќе се реализира и во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, ЈЛБ „Илинден“, здруженија на граѓани, Министерството за култура, Комисија за култура при Собрание на РМ и донатори.
На крајот таа истакна дека оваа Програма е изработена од страна на Комисијата за култура која е составена од 15 члена и редовно одржувала состаноци, доколку има прашања, повелете, рече таа.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2019 година;

**Четврта точка-Предлог-Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2019 година на Општина Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Даниела Такева-Претседател на Комисијата за култура која рече дека оваа Програма се донесува со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во обласста на комуникацијата со јавноста, Советот на Општина Делчево, по период од 10 години, по втор пат усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во обласста на промоција и комуникација со јавноста.Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположивите капацитети на овој план.Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите на Општината, како и подготовка на неопходен промотивен материјал за граѓаните.Општина Делчево активно е вклучена и во Мрежата за односи со јавност, поддржана од ЗЕЛС, а во рамките на процесот на евроинтеграции што ќе овозможи во периодот што следува, интензивна дистрибуција на информации за

прашањата поврзани со ЕУ во соработка со Секторот за европски прашања.Успешните практики на планот на промоцијата и комуникацијата со јавноста како и лоцирањето на критичните точки на кои им е неопходна интервенција, налагаат усовршување на Програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности.
Токму поради комплексната природа на активностите во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства. Истата Програма ќе се ажурира доколку има потреба, истакна Д.Такева.

Претседателот отвори расправа по точката, бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2019 година на Општина Делчево.

**Петта точка-Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2019 година**;

Образлагач по точката беше Сузана Петровска-Општински координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево која рече дека за прв пат во општина Делчево донесена програмата за родова еднаквост помеѓу мажите и жените. По претходно одобрение од Советот претставници на општина Делчево заедно со Комисијата за еднакви можности (КЕМ), ќе ги зајакнуваат капацитетите и ќе ја промовираат родовата еднакавост како општествена вредност.Активностите ќе се реализирааат преку програмата за еднакви можности на жените и мажите и работата на КЕМ за 2019 година која беше едногласно усвоена од Советот на Општина Делчево на последната седница.Во програмата е предвидена реализација на над пет мерки и тринаесет активности, а нејзината цел е зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите во приоритетните области во надлежност на општината (социјална заштита, образование, култура, спорт и сл.), промоција на родовата еднаквост како вредност (преку информативни кампањи, настани, манифестации и едукации) и пред се поголема вклученост на жените во процесите на идентификување на приоритети и одлучување.Во рамки на програмата планирано е воведување механизам за обезбедување родово разделена статистика, организирање средби, трибини, настани, хуманитарни акции, обуки за КЕМ и општинската администрација, јавни дебати за креирање родово-одговорен буџет на општината и работилници за родова сензитивизација на наставниот кадар во општинските училишта.За зајакнување на капацитетите на членовите на Комисијата за еднакви можности и изработката на Стратегија за родова рамноправност заедно со Акциски план за родова рамноправност, од општината најавуваат соработка со НВО „КХАМ", Фондацијата „Квина тил квина" и UN Women.Средствата за планираните активности ќе бидат обезбедени од буџетот на општината и невладиниот сектор,истакна С.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА" Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2019 година;

**Шеста точка-Предлог-Програма за решавање на Проблемот со кучињата скитници на подрачјето на општина Делчево за 2019-2020 година;**

Образлагач по оваа точка беше Винко Ангеловски-Виш соработник за развој и управување со човечки ресурси, кој истакна дека целта на оваа програма е да се донесат мерки со што ќе бидат лоцирани кучињата скитници, ќе бидат згрижени и транспортирани до предвидениот стационар што ќе се одреди со правното лице со кое ќе биде склучен договор. Потоа ќе биде предложен соодветен третман и истите ќе бидат обележани, вратени на истата локација и последната мерка доколку не се вдомат, за екстремно

агресивните кучиња е предвидена еутаназија, вели Винко Ангеловски од надлежната служба при општина Делчево. Договорот со ветеринарната станица „Здравје“ истекува за два месеци и затоа оваа мерка и годинава повторно е дел од планот за реализација за 2019 година, за што се планирани средства во висина од 30.000 денари, рече В.Ангеловски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали за 2019 година има планирано средства за заловување и третман на кучињата-скитници?

В. Ангеловски рече дека до март месец се уште важи ланскиот договор и до тогаш има планирано средства. Најверојатно и во иднина ќе биде склучен договор со ВС „Здравје“.

Биљана Ѓеорѓиевска праша дали во Програмата може да се додаде еден дел во врска со пријавувањето на евентуален напад на кучиња, доколку има, на кого треба да се пријави? Таа исто така рече дека проблемот со кучињата ќе го има постојано бидејќи во Програмата е предвидено после третманот да се вратат на истата локација и дали ВС „Здравје“ досега ги вршела своите обврски?

В.Ангеловски рече дека општинскиот комунален инспектор и претставник на ЈПКД „Брегалница“ постојано ќе бидат на терен и доколку има напад на куче може да се пријави кај нив. По третманот кучињата ќе бидат вратени на истата локација на која биле пред заловувањето доколку не се агресивни, а ако се агресивни ќе бидат еутанизирани. Во врска со прашањето за тоа дали ВС „Здравје“ ги извршила своите обврски согласно Договорот, тој рече дека во Секторот за финансии се уште нема фактура за услугите и за тоа во кој обем истите се завршени.

Градоначалникот на Општината рече дека ланската година Општината имала договор и за секое заловено куче ако се оди по пазарни цени, сумите биле големи. Затоа, се договоривме да се постапува согласно друга методологија што одговара на општинскиот буџет. На оваа проблематика работиме и во рамки на работата на Источно планскиот регион каде ги разгледуваме најбезболните варијанти за справување со овој проблем без притоа да биде оштетен буџетот на општините, истакна Градоначалникот.

Претседателот на Советот рече дека деталите во врска со заловувањето на кучињата и нивниот третман се регулираат со договорот што ќе го склучи Општината давателот на услугите. Донесувањето на оваа Програма е важно бидејќи ова е проблем на Општината, а со неа се дадени насоките и мерките кои ќе бидат преземени. Истата ќе биде доставена до Агенцијата за храна и ветеринарство.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за решавање на Проблемот со кучињата скитници на подрачјето на општина Делчево за 2019-2020 година.

**Седма точка-Извештај за реализирани активности за 2018 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево со Заклучок за усвојување**;

Оваа точка ја образложи директорката на ЈЛБ „Илинден“-Делчево, Билјана Петровска која пред членовите на Советот ги презентираше активностите на библиотеката во 2018 година во врска со сите настани и промоции организирани од нивна страна, наведени во самиот извештај.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирани активности за 2018 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

**Осма точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година со Заклучок за**

**усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше -Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која ги обрзаложи активностите на локалната библиотека во 2019 година, тековните проекти и проблемите со кои се соочува библиотеката при што потенцираше дека и оваа година имаат недостаток на простор за сместување на книгите.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој имаше забелешка на Програмата и рече дека во неа нема ниту основни податоци за библиотеката, ниту број на книги и рече дека ова што е доставено до советниците се чита за 2-3 минути и побара во иднина да се посвети поголемо внимание на изготвувањето на Програмата.

Славица Димитрова праша дали се планира набавка на нови наслови?

Б.Петровска рече дека се планира набавка на нови книги.

Бидејќи никој друг не не се јави за збор,расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2019 година.

**Деветта точка-Годишен Извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека Програмата усвоена од страна на Советот на Општина Делчево од 23.03.2018год. е изготвена врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота и истата содржи: Вид и обем на работите, динамика, временски рокови и начин на извршување на истите и финансиски средства потребни за извршување на истите.Во 2018 година се вршени следните работи: Метење на улици и тоа: „М.М Брицо“ и „М.Тито“ ( од ветеринарна станица до касарна), потоа ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево), Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство),Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,), Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, -ОУ,,Ванчо Прке,,-Градски Парк АСНОМ), Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион) . Освен ннаведените улици, извршено е метење на Градскиот Пазар,Паркинг пред Спомен дом АСНОМ, Паркинг пред Здравен дом. На детските игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом, Парк на Кеј на Ослободување, Детско игралиште во Ново Делчево,Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев“, Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,,Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ“.

Со програмата е предвидено во период од 01.06.2018 до 30.09.2018год. да се мијат улиците:,,Бул.Македонија, ,,М.М.Брицо,, ,,Маршал Тито , ,,Индустриска,,Никола Јонко Вапцаров,,и ,,Светозар Марковиќ,,.
Миење на споменатите улици не е вршено, бидејки ЈПКД,,Брегалница,, не располага со сопствено возило и ги користи по потреба услугите на ТППЕ-Делчево.
Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на садовите за отпад се вршеше секој работен ден според распоред. Комуналниот цврст отпад од создавачите се собираше еднаш неделно, во централното градско подрачје двапати, додека во населените места Габрово, Звегор и Разловци двапати месечно, еднаш годишно на спортските игралишта и летната сцена на Голак.Чистењето на снег и мраз е реализирано според Програмата и постапено по потреба односно најинтензивно е чистено во месец јануари и дел од февруари.
За реализација на програмата беше предвидено да се соберат 1.800.000.00ден од надомест за јавна

чистота кој изнесува 40ден. од семејство (водомер) и 100ден. за правните лица. Во изминатата 2018год. врз основа на извршени дејности и услуги соберени се и фактурирани 1.845.000ден, рече Т.Стојковска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА", 4 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година.

**Десетта точка-Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која на почетокот истакна дека под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови. Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево. Таа рече дека на страна 2 од програмата има направено пропуст од нејзина страна. Имено во делот **ДИНАМИКА, ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ** првиот став треба да гласи:„ Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавните површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови кога има поголеми количини на снег и мраз на тротоарите и пешачките патеки".

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која рече дека во Програмата за јавна чистота во делот – Миење на улици, како и ланската година, и оваа година стои дека се планира миење на улиците. Како и на кој начин ќе се изведе оваа активност кога ЈПКД „Брегалница" во својата Програма нема планирано средства за миење на улиците? Сите знаеме дека миење на улиците немаше и ланската година, а е потребно особено во летниот период, истакна К.Трајкова Тасева.

Т.Стојковска рече дека активноста миење на улиците во ЦГП не била извршена од причини што ЈПКД „Брегалница" нема специјално возило за таа намена и миење на улици се врши со цистерната на ТППЕ.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски рече дека ланската година ТППЕ имала стара цистерна која не била користена за миење на улици бидејќи летно време постои голема опасност од пожари и цистерната постојано треба да биде полна со вода за да може навреме да се интервенира во случај на почар. Оваа година е набавена нова цистерна така што во наредниот период може да се изврши миење на улиците со старата цистерна, но и во тој случај не е баш едноставно бидејќи по улиците има паркирано многу возила кои би можеле да бидат оштетени кога би се миеле улиците со цистерната на ТППЕ бидејќи водата е под голем притисок. Секако дека е потребно миење на улиците, но најдобро е со соодветно возило, рече тој.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали и двете возила на ТППЕ се во функција и дали може да се очекува миење на улиците?

Градоначалникот одговори дека моментално и двете возила се во функција и рече дека се надева оти ќе биде набавено машина за метење на улиците и дека градот ќе биде почист.

Славица Димитрова предложи да се метат и мијат сите улици во Делчево бидејќи надоместокот за јавна чистота го плаќаат сите граѓани каде што има водомер

Т.Стојковска рече дека Програмата за јавна чистота ја изготвува и ЈПКД „Брегалница" и тие

определуваат кои улици ќе се метат и мијат.

Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево рече дека со Програмата за јавна чистота се опфатени улиците во ЦГП бидејќи нив ги користат сите граѓани. Да се метат и мијат сите улици, практично не е можно од повеќе аспекти, и финансиски и од технички аспект-нема доволно работници во ЈП. Што се однесува до надоместокот за јавна чистота и начинот на задолжување и наплата, тоа е утврдено со Законот за јавна чистота, истакна претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање со предлогот за дополнување на Програмата што го даде Т.Стојковска.

Со 10 гласа „ЗА", 4 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2019 година.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година;**

Образложение по точката поднесе А.Христова која рече дека оваа одлука се однесува на измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година којашто Советот на Општина Делчево ја донесе на претходната седница.Имено, Владата на РМ донела одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година според која вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 изнесува 81,10 денари. Ова покачување на вредноста на бодот е потребно заради усогласување на платите бидејќи се покачени придонесите, рече А.Христова, имено во насока на преземање на потребните активности за нивелирање на платите на вработените во општината и оневозможување на негативни ефекти на платата, а поради настанатите измени во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување бр.247/18, и притоа постапувајќи во согласност со одредбите на член 88 став 2 и 3 од Законот за административни службеници, потребно е Советот на општината да донесе Одлука за Измени на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот, бидејќи истата беше донесена во декември 2018 година со вредност на бодот од 76,8 денари.

Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената Одлука, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола која рече дека се врши проширување на средства во буџетот ан општина Делчево за 2019 година, во делот на донациите, имено се зголемуваат приходите на потставките 742114 за 697.000 и 742119 за 124.000 денари. Средствата се однесуваат за изградба на улиците „М.Тито", „П.Гули" и „Светозар Марковиќ", а ќе се исплатат на добавувачот и тоа 124.000 денари од Буџетот на Општина Делчево и 697.000 од МСИП.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година.

**Тринаесетта точка-Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2019 година;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа Програма се донесува секоја година врз основа на член20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во неа се дадени урбанистичките

планови кои се во тек на изработка, како и оние што се планираат во 2019 година. Тој истакна дека во Програмата за 2019 година се наведени следните планови:Генерален урбанистички план за град Делчево; Детален урбанистички план - Лесна индустрија и сервиси на м.в. ,,Стар монопол,, Делчево - дел од блок 2,6 ,урбана единица 2,Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,7 – **„**Централно градско подрачје,“Детален урбанистички план индустриска и сревисна зона-УЕ 1, дел од блок 1.2 локалитет Север 1, Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со граници,Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план Старо Делчево во Делчево, дел од Урбана единица 3, Блок 3,3 и граници , Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица,Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 со граници, Изработка на Спортско рекреативен центар –Пијанец ,Урбана единица 2, дел од Блок 2,4 ,Изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3,дел од Блок 3.1, Општ акт за село Габрово, село Град и село Трабонтивиште. Тој исто така истакна дека по покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се вршат измени и дополнување и на други делови од Генералниот урбанистички план (ГУП) со дополна на Деталниот урбанистички план(ДУП) на град Делчево и дека по покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат Локална урбанистичка документација,Проекти заинфраструктура,урбаистичко планска документација за туристичка развојна зона,урбанистичко планска документација за автокамп, урбанистички план вон населено место во катастерските општини на сите села во општината,како и урбанистички план за село за сите села .

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека предлага во Програмата за урбанистички планови да се избрише точка 4- Донесување на ДУП за Индустриска и сервисна зона-УЕ 1 дел од блок 1.2, локалитет Север 1 бидејќи за предметниот ДУП веќе одреден период се водат судски спорови во врска со сопственоста на катастарските парцели за што ве неколку наврати сум известен и јас како градоначалник и поради што е прекината електронската постапка на донесување на планот во системот е-урбанизам. До нас како Општина од страна на едната страна во спорот е доставувао и барање за прекин на постапката (барање бр.18-121 од 10.01.2019 година). „Една од причините за моето барање за бришење на точката 4 е тоа што одлуката која ќе биде донесена од страна на судот ќе влијае директно на содржината и големината на парцелите, како и на намената на истите, а исто така постоењето на оваа точка во Програмата и водењето на постапка за неа, да се употреби од страна на една од странките во судскиот спор и да влијае на судската одлука.Друга причина е што во 2019 година се предвидува и нов ГУП, што значи дека е можно таа зона да претрпи одредени корекции во однос на сегашниот ГУП. Заради сетоа тоа, и заради моја неутралност во овој процес, по претходно извршени консултации и со цел избегнување на понатамошни проблеми и усложнувања, барам да го усвоите мојот предлог/барање за бришење на точката 4 од Програмата. По завршувањето на судскиот спор, постапката за овој ДУП ќе биде продолжена и повторно ќе биде доставена до вас како Совет на усвојување“, рече на крајот Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која побара од Г.Петровски да го појасни опфатот на плановите од точка 2 и 3 и го праша дали во врска со овие два плана е земена предвид петицијата на граѓаните од улиците „8 Септември“ и „Крушевска“?

Образлагачот детално го појасни опфатот на плановите под тока 2 и 3 и рече дека секако е земена предвид петицијата на граѓаните од улиците „8 Септември“ и „Крушевска“ поднесена уште ланската година.

Претседателот на Совет Драган Маневски рече дека со донесувањето на новиот ГУП Одделението за урбанизам кое ги знае сите проблеми на граѓаните од тој аспект трба да се потруди да ги реши нивните проблеми, односно максимално да се вклучи во тој процес и максимално да се посвети на таа работа.

Бидејќи никој друг не се јуавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а на гласање

беше ставена  Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2019 година со предлогот, точката 4 да се избрише од Прогарамата.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2019 година.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Цветанка Десподова;**

Образложение поднесе Горан Петровски кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП I бр. 12-1109 од 25.08.2011 година, од страна Цветанка Десподова, ул. С. Габрово - Делчево за бесправно изграден објект, Станбена куќа означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на КП бр. 10506 запишана во имотен лист бр 498 во КО Габрово и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат. На истата локација, на истиот имотен лист има и два помошни објекти, за кои се однесуваат наредните две одлуки, поточно точките 15 и 16.

Претседателот потвори единствена расправа по точките 14,15 и 16. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Цветанка Десподова.

На гласање беше ставена и **15 точка**-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Помошен објект зграда број 1 по барање на Цветанка Десподова;

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект зграда број 1 по барање на Цветанка Десподова.

На гласање беше ставена и **16 точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Помошен објект зграда број 3 по барање на Цветанка Десподова**;

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект зграда број 3 по барање на Цветанка Десподова.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект зграда број 3 по барање на Цветанка Десподова.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа зграда број 1 по барање на Соња Захариевска**;

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека истата се однесува на потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1165 од 25,08,2011 година, од страна Соња Захариевска с. Габрово - Делчево за бесправно изграден објект ,Станбена кука , означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 10425 запишана во имотен лист бр 2027 во КО Габрово и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на потребата од

донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа зграда број 1 по барање на Соња Захариевска.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа зграда број 1 по барање на Љупчо Миленковски;**

Во врска со оваа точка Г.Петровски рече дека со одлуката се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-144 од 22.01.2016 година, од страна Љупчо Миленковски ул. „Јане Сандански“ бр. 11 - Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2089/2 запишана во имотен лист бр 9374 во КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,викенд куќа зграда број 1 по барање на Љупчо Миленковски.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Војо Лесовски;**

Точката ја образложи Г.Петровски и рече дека оваа одлука се донесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Војо Лесовски, со неа ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-77 од 22,02,2018 година, од страна Војо Лесовски с. Ветрен- Делчево за бесправно изграден објект, Станбена кука, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 4531 запишана во имотен лист бр 442 во КО Ветрен.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа зграда број 1 по барање на Војо Лесовски.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Игорчо Илиев;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа точка се однесува на документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1104 од 25,08,2011 година, од страна Игорчо Илиев с. Град- Делчево за бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 6307/1 запишана во имотен лист бр, 880 во КО Град и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа зграда број 1 по барање на Игорчо Илиев.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Станбена куќа зграда број 1 по барање на Благојчо Јанковски;**

Точката ја образложи Г.петровски кој истакна дека со одлуката се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1034 од 24,08,2011 година, од страна Благојчо Јанковски с. Габрово - Делчево за бесправно изграден објект , Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 10308 запишана во имотен лист бр 584 во КО Габрово.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Станбена куќа зграда број 1 по барање на Благојчо Јанковски.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Викенд куќа зграда број 1 по барање на Киро Стоименовски**;

И оваа точка беше образложена од страна на Г.Петровски кој рече дека со неа се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-221 од 18.09.2018 година, од страна Киро Стоименовски ул. „Партизанска," бр 21/а - Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2976 запишана во имотен лист бр 8545 во КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,викенд куќа зграда број 1 по барање на Киро Стоименовски.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Орце Веселиновски-зграда бр.1**;

Оваа точка и наредната **24-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Орце Веселиновски-зграда бр.2,** ги образложиГоран Петровски-Советник за урбанизам кој рече дека се однесуваат на ист барател-Орце Веселиновски од Делчево. Станува збор за 2 помошни објекта кои се наоѓаат на ул. „Плачковица" во Делчево.

Претседателот отвори единствена расправа и по двете точки.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и 23 точка беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Орце Веселиновски-зграда бр.1.

На гласање беше ставена и 24 точка.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Орце Веселиновски-зграда бр.2.

**Дваесет и петта точка-Измена на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево кој рече дека измена на Годишниот план за вработување за 2019 година имаше на 18 седница на Советот на Општина Делчево. По донесувањето на измената на Годишниот план за вработување за 2019 година, истиот бил доставен на мислење до Министерството за информатичко општество. Од нивна страна беше доставено

укажување за отстранување на некои технички грешки. Имено, на првата страна од планот не требало да стои архивскиот број на донесесениот план на 08.03.2018 година, туку само архивскиот број на измената која беше донесена на 18 седница. Потоа на страна 2 во редот планирани пензионирања не треба да стои бројот 4 туку нула, нула треба да стои исто така во редот В и во редот Г треба да стри бројот 50.

Претсеадтелот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која рече дека во делот на нови вработувања во измената на Планот на претходната седница стоеше бројка 15, а сега нула, зошто, дали значи дека не се планираат нови вработувања?

Владимир Мерзликин рече дека така стои во укажувањето од МИОА кое е доставено до сите ченови на Совет како прилог на планот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА" и 5 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Измена на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2019 година.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година**;

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов-Советник за урабнизам кој рече дека оваа Програма се донесува секоја година. Изготвена е врз основа на предлози и приоритети од урбаните и месните заедници. Оваа година е можеби малце пообемна од претходните од причини што кога има повик за аплицирање за некој проект се бара одлука на Совет за некој локалитет или активност и бидејќи е посложено свикување на Совет по потреба е предвидено со Програмата. Она што е битно за истакнување е дека нема разлика во висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште од претходна година. Оваа точка била разгледана и на Комисијата за урбанизам, доколку има прашања, повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година;

**Дваесет и седма точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево за 2019 година;**

И оваа точка ја образложи Звонко Атанасов-Советник за урабнизам кој рече дека оваа Програма се донесува секоја година. Истата е изготвена е врз основа на предлози и приоритети од урбаните и месните заедници. Во неа се ставени сите проекти кои се започната и се во тек, акко и они патишта и илици кои ќе се започната во 2019 година. Во интерес на времето не би должел, материјалите ги имате, повелете ако имате предлози или прашања, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА" Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево за 2019 година.

**Дваесет и осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.**

Точката ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека оваа одлука се донесува секоја година и со неа се утврдуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на зони за процена

на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.

**Дваесет и деветта точка-Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Делчево со заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „СВ.Климент Охридски кој во интерес на времето рече дека не би одземал од времето на советниците, а доколку имаат нешто да прашаат, тој ќе даде одговор на прашањата.

Претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која го праша директорот дали ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево учествувало на Конкурсот за најчисто училиште?

Директорот рече конкретно на овој конкурс не, но училиштето учествува на многу други конкурси.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“- Делчево.

**Триесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

Во врска со оваа точка за збор се јави

**Сашко Јовановски кој побара:**

1.Да се постават светилки на пешачката патека бидејќи на неколку места нема (не работат) и е темно. Реакцијата е од повеќе граѓани кои ја користат пешачката патека.

**Ванчо Велиновски праша:**

1.Кога ќе биде исплатен 30% од надоместокот на членовите на Советот од коалицијата на ВМРО ДПМНЕ за Третата седница одржана на 27.12.2018 година? Прашањето го поставувам бидејќи градоначалникот на 18 седница рече дека ќе се разгледа законската можност за исплата на дел од надоместокот.

**Билјана Ѓеоргиевска праша:**

**1. З**ошто се уште ништо не е преземено во врска со отпадот од старо железо и друг отпаден материјал кој се наоѓа на местото на пумпите за вода во населбата „Ново Делчево“?

Прашањето е поставувано на 11.седница одржана на 10.07.2018 година и дека добила одговор во смисла дека ќе се преземат мерки, но таа рече дека во врска со ова прашање не е преземено ништо и бара ЈПКД “Брегалница“ и Одделението за инспекциски надзор да преземат мерки. Имено,.Во населба Ново Делчево, на местото каде се поставени пумпите за вода, се фрла отпадно железо и при врнежи на дожд сета нечистотија од отпадното железо оди во пумпите. Потребно е надлежниот инспектор да го задолжи ЈПКД Брегалница, местото каде се поставени пумпите да се исчисти и отпадниот материјал да се дислоцира. Исто така ова прашање е поставувано и на 13 седница на Советот на Општина Делчево одржана на 06.09.2018 година.

**Славица Димитрова**

1.Колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени на спортските клубови и на НВО од општина Делчево и во кој износ?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 19 седница на Советот за врши со работа во 17.06 часот.

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**Претседател,**
**Драган Маневски**